# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

27 октомври 2009 | Излегува по потреба | Година IV | број 10



e-mail: contact@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 36, став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", бр.5/02), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", бр.61/04 и 96/04) и член 151 став 1 од Деловникот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба", бр.4/06), Советот на Општината Гази Баба на Седмата седница одржана на 20.10.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За изменување и дополнување на**
**Одлуката за извршување на Буџетот на**
**Општина Гази Баба за 2009 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2009 година број 07 - 6733/3 од 25.12.2008 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба", бр.14 од 29.12.2009 година), во членот 10 став 1 ред 2, процентуалниот износ од "8%", се заменува со процентуалниот износ од "5%".

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-4577/8**
**Од 20.10.2009 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", бр.5/02) а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба", бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2009 година**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2009 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 20.10.2009 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4840/1**
**од 27.10.2009 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", бр.5/02), член 158 и 159 од Деловодникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник", бр. 4/06), по разгледување на барањето од Македонската православна црква - Дебарско - Кичевска Епархија, заведено под број 08-4343/1 од 05.10.2009 година, Советот на Општина Гази Баба на Седмата Седница одржана на 20.10.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За одобрување финансиски средства за возобновување на опожарениот Бигорски Манастирот "Свети Јован Крстител''**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба одобрува износ од 120.000,00 денари како финансиска помош за возобновување на опожарениот Бигорски Манастир "Свети Јован Крстител".

**Член 2**

Наведените средства да се уплатат на денарска жиро сметка 500-000000-3835-65 Стопанска банка А.Д. Битола, на товар на Средствата на буџетот на Општина Гази Баба, програма АО Совет на Општина, ставка 413 - тековна резерва.

**Член 3**

За реализација на оваа одлука, надлежен е Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник" на Општина Гази Баба.

**Број 07-4577/9**
**Од 20.10.2009 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", бр.5/02) а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба", бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства за возобновување на опожарениот Бигорски манастир "Св.Јован Крстител"**

1. Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства за возобновување на опожарениот Бигорски манастир "Св.Јован Крстител", што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 20.10.2009 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4840/2**
**од 27.10.2009 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ", бр. 05/02), член 27 и член 31 од Статутот на општина Гази Баба ("Сл. гласник на општина Гази Баба бр.2/06), а во врска со член 5 од Меморандумот за соработка за воспоставување на интегриран систем за регионално управување со отпад, Градоначалникот на општина Гази Баба ја доставува до Советот на општина Гази Баба, следната

## **И н и ц и ј а т и в а**

1. Советот на општина Гази Баба да донесе Одлука за формирање на Регионално тело (центар) за управување со отпад.

2. Вакви одлуки ќе донесат Советите на општините од Скопскиот плански регион.

3. Доколку иницијативата биде усвоена од Советот на општина Гази Баба, Одлуката за формирање на Регионално тело (центар) за управување со отпад, ќе се донесе на една од наредните седници на Советот.

**Градоначалник**
**на Општина Гази Баба**
**Тони Трајковски**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02), член 153 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба бр.4/06), а во врска со член 5 од Меморандумот за соработка за воспоставување на интегриран систем за регионално управување со отпад, Советот на Општина Гази Баба на Седмата седница одржана на 20.10.2009 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Се прифаќа Иницијативата поднесена од Градоначалникот на Општина Гази Баба за донесување Одлука за формирање на Регионално тело (центар) за управување со отпад .

2. Се задолжува Секторот за правни и општи работи да изготви Предлог-Одлука за формирање на Регионално тело (центар) за управување со отпад.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-4577/29**
**Од 20.10.2009 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Милан Андоновски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Заклучокот за прифаќање на Иницијативата поднесена од Градоначалникот на Општина Гази Баба за донесување Одлука за формирање на Регионално тело (центар) за управување со отпад**

1. Се објавува Заклучокот за прифаќање на Иницијативата поднесена од Градоначалникот на Општина Гази Баба за донесување Одлука за формирање на Регионално тело (центар) за управување со отпад, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 20.10.2009 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-08-4840/3**
**од 27.10.2009 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", бр.5/02), Советот на Општина Гази Баба на Седмата седница одржана на 20.10.2009 година ја донесе, следната

## ОДЛУКА
## за склучување Протокол за соработка

### Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување Протокол за соработка помеѓу: Општина Гази Баба, Градот Скопје и ЈП "Улица и Патишта".

### Член 2

Со Протоколот наведените страни се согласни меѓусебно да соработуваат преку здружување на средства заради остварување на заеднички интерес и вршење на заеднички работи кои се однесуваат на одржување, реконструкција и заштита на улици, и изведување на пешачки патеки (тротоари) на подрачјето на Општина Гази Баба, односно Градот Скопје.

### Член 3

Во остварување на меѓусебната соработка Градот Скопје и Општина Гази Баба за извршување на работите од членот 2 ќе вложат средства во вкупен износ од 10 000 000,00 денари односно по 5 000 000 денари поединечно.

### Член 4

Работите од член 2 на оваа Одлука ќе ги извршува ЈП "Улици и Патишта" - Скопје на кое ќе му се исплатуваат износите за извршени работи по доставување на ситуација - фактури.

### Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на Општина Гази Баба.

**Број 07-4577/11**
**Од 20.10.2009 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", бр.5/02) а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба", бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за склучување**
**Протокол за соработка**

1. Се објавува Одлуката за склучување Протокол за соработка, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 20.10.2009 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4840/4**
**од 27.10.2009 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 15, став 1, точка 4, алинеа 2 и 7 и член 6 од Законот за Градот Скопје ("Службен весник на РМ", бр.55/04), а во врска со член 36 став 1 точка 1 и 8 и член 62 став 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", бр.05/02) и согласно член 2, член 3 и член 9 од Законот за јавна чистота ("Службен весник на РМ", бр.111/08), како и член 3 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба", бр.02/06), Советот на Општината на Седмата седница, одржана на 20.10.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за финансиска поддршка на лица ангажирани**
**во работи од јавен интерес за Општината**

**Член 1**

Се одлучува да се даде дополнителна финансиска поддршка на ангажираните лица, вработени во јавни работи на подрачјерто на Општина Гази Баба по одобрениот проект "Одржување и заштита на животната средина и природата", врз основа на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2009 година, предвидени во програмата за работа на Владата на Р.Македонија 2008-2012 година, која се спроведува преку Агенцијата за вработување на Р.Македонија и Единиците на локалната самоуправа.

**Член 2**

Финансискта поддршка на невработените лица вклучени во јавни работи, за реализација на погоре наведениот проект, кој се спроведува во Општина Гази Баба, се однесува на 80 (осумдесет) невработени лица со бруто месечен износ од по 1839.00 денари по ангажирано лице , или во вкупен износ од 147 120,00 денари месечно.

**Член 3**

Ангажирањето на невработените лица кои ќе бидат вклучени во јавните работи за реализација на предметниот проект се однесува за период во траење од 6 (шест) месеци, сметано од 01.07.2009 година заклучно со 31.12.2009 година.

**Член 4**

Административно-техничките работи потребни за реализација на овој проект ќе ги спроведе стручната служба на Општина Гази Баба, а Градоначалникот на Општината како организатор на јавните работи се обврзува да склучи Договор за ангажирање на невработени лица со Агенцијата за вработување на РМ - Центар за вработување - Скопје.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-4577/11**
**Од 20.10.2009 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", бр.5/02) а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба", бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за финансиска поддршка на лица ангажирани во работи од јавен интерес во Општина Гази Баба**

1. Се објавува Одлуката за финансиска поддршка на лица ангажирани во работи од јавен интерес во Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 20.10.2009 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4840/5**
**од 27.10.2009 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", бр.5/02) и член 6 од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба", бр.02/06), Советот на Општина Гази Баба на Седмата седница одржана на 20.10.2009 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за набавка на основни средства**
**компјутери (лап-топ)**

**Член 1**

За потребите на општинската администрација и на советниците во Советот на Општина Гази Баба, да се изврши набавка на основни средства: - 10 (десет) копјутери (лап-топ)

**Член 2**

Финансиските средства за набавка на наведените основни средства, во вкупен износ од 294.386,00 денари, се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба.

**Член 3**

Постапката за набавка на основните средства ќе ја спроведе и реализира Комисијата за јавни набавки на Општина Гази Баба.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Гази Баба.

**Број 07-4577/12**
**Од 20.10.2009 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", бр.5/02) а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба", бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за набавка на основни средства компјутери (Лап-Топ)**

1. Се објавува Одлуката за набавка на основни средства компјутери (Лап-Топ), што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 20.10.2009 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4840/6**
**од 27.10.2009 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", бр.5/02),член 158, 159 и 162 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, а во врска со член 4 од Договорот за инвестирање во изградба на спортската сала "Методија Андонов - Ченто" во Општина Гази Баба бр. 03-2835/1 од 29.06.2007 година, Советот на Општина Гази Баба на Седмата седница одржана на 20.10.2009 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За отстапување на користење на спортската сала "Методија Андонов - Ченто", на Основното Училиште "Наум Наумовски - Борче"**

**Член 1**

Спортската сала "Методија Андонов - Ченто", целосно се отстапува на користење и управување на Основното училиште "Наум Наумовски - Борче" во Општина Гази Баба.

**Член 2**

Отстапувањето се врши врз основа на одредбите од Договорот за инвестирање во изградба на спортската сала "Методија Андонов - Ченто" во Општина Гази Баба, склучен помеѓу: Агенцијата за млади и спорт, Основното училиште "Наум Наумовски - Борче" и Општина Гази Баба.

**Член 3**

Се обврзува О.У. "Наум Наумовски - Борче", по отстапувањето на објектот, да постапува согласно одредбите од член 5 и член 6 став 1 од договорот наведен во членот 2 на оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во "Службен гласник" на Општина Гази Баба.

**Број 07-4577/13**
**Од 20.10.2009 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", бр.5/02) а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба", бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## За објавување на Одлуката за отстапување на користење на спортската сала "Методија Андонов Ченто", на Основното училиште "Наум Наумовски -Борче"

1. Се објавува Одлуката за отстапување на користење на спортската сала "Методија Андонов Ченто", на Основното училиште "Наум Наумовски Борче", што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 20.10.2009 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4840/7**
**од 27.10.2009 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1,член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 17 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 24/08 и 91/09) и член 46 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр. 82/08 и 143/08), Советот на Општина Гази Баба на седмата седница одржана на 20.10.2009 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф" - "Ф.А" ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ) НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2009 ГОДИНА**

**Член 1**

Во Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2009 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/08), во глава IV точка 5 со наслов "Обем и степен на опремување на градежно земјиште до градежна парцела", зборовите: "Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост (Сл.весник на РМ бр.80/01 и 85/01)" се заменуваат со зборовите: "Правилник за степенот на уредување на градежното земјиште со објектите на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (Сл.весник на РМ бр.88/09)".

**Член 2**

Во Глава IV , точка 7 со наслов "Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште и негова распределба" во став 1 ,зборовите: "Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост( Сл.весник на РМ бр.80/2001 и 85/2001)" се заменуваат со зборовите: "Правилник за степенот на уредување на градежното земјиште со објектите на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (Сл.весник на РМ бр.88/09)".

Во став 3, коефициентот "0,1" се заменува со коефициентот"0,2".

**Член 3**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07- 4577/30**
**20.10.2009 година**
**Скопје**

**Претседател,**
**на Советот на Општина Гази Баба**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба", бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Програмата за изменување на Програмата за Урбано планирање "Ф" -"Ф.А"Подпрограма за уредување на градежно земјиште (капитални трошоци) на Општина Гази Баба за 2009 година**

1. Се објавува Програмата за изменување на Програмата за Урбано планирање "Ф" - "Ф.А"Подпрограма за уредување на градежно земјиште (капитални трошоци) на Општина Гази Баба за 2009 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 20.10.2009 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4840/8**
**од 27.10.2009 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 а во врска со член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", бр.5/02) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба", бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Седмата седница одржана на 20.10.2009 година, расправајќи по Годишниот Извештај за работа на Јавната установа за деца -Детска градинка -"Детска радост" за 2008/2009 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишниот Извештај за работа на Јавната установа за деца -Детска градинка -"Детска радост" за 2008/2009 година - Советот на Општина Гази Баба - Скопје**

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува Годишниот Извештај за работа на Јавната установа за деца -Детска градинка -"Детска радост" за 2008/2009 година -Општина Гази Баба -Скопје.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-4577/27**
**Од 20.10.2009 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", бр.5/02) а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба", бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Заклучокот по Годишниот Извештај за работа на Јавната установа за деца -Детска градинка -"Детска радост" за 2008/2009 година -Општина Гази Баба -Скопје**

1. Се објавува Заклучокот по Годишниот Извештај за работа на Јавната установа за деца -Детска градинка -"Детска радост" за 2008/2009 година -Општина Гази Баба -Скопје, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 20.10.2009 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4840/9**
**од 27.10.2009 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", бр.5/02) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба", бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Седмата седница одржана на 20.10.2009 година, расправајќи по Годишниот Извештај за работа на Јавната установа за деца -Детска градинка -"25 МАЈ" за 2008/2009 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишниот Извештај за работа на Јавната установа за деца -Детска градинка -"25 МАЈ" за 2008/2009 година - Советот на Општина Гази Баба -Скопје**

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува Годишниот Извештај за работа на Јавната установа за деца -Детска градинка -"25 МАЈ" за 2008/2009 година -Општина Гази Баба - Скопје.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-4577/28**
**Од 20.10.2009 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", бр.5/02) а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба", бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Заклучокот по Годишниот Извештај за работа на Јавната установа за деца -Детска градинка - "25 МАЈ" за 2008/2009 година - Општина Гази Баба -Скопје**

1. Се објавува Заклучокот по Годишниот Извештај за работа на Јавната установа за деца -Детска градинка -"25 МАЈ" за 2008/2009 година -Општина Гази Баба -Скопје, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 20.10.2009 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4840/10**
**од 27.10.2009 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член124 став 2 и 3 од Законот за основно образование ("Службен Весник на РМ", .бр.103/08), член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на РМ", бр.5/2002) и член 157 став 1 од Деловникот за работа на Советот на Општина гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба", бр.4 од 2006 година), Советот на Општина Гази баба на Седмата седница одржана на ден 20.10.2009 година, донесе

## ОДЛУКА
## за именување претставници на Општина Гази Баба во Училишниот одбор на Основното училиште "Крсте Мисирков" - Скопје

1. За претставници на Општина Гази Баба во Училишниот одбор на Основното училиште "Крсте Мисирков" се именуваат:

- Николај Чифутов
- Дејан Давитков

2. Мандатот на претставниците во Училишниот одбор трае 3 (три) години.

3. Со влегувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Решението за именување претставници во Училишниот одбор на Основното училиште "Крсте Мисирков" број 07-1435/9 од 30.09.2005 година.

**Број 07-4577/14**
**Од 20.10.2009 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", бр.5/02) а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба", бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за именување претставници на Општина Гази Баба во Училишниот одбор на Основното училиште "Крсте Мисирков" - Скопје**

1. Се објавува Одлуката за именување претставници на Општина Гази Баба во Училишниот одбор на Основното училиште "Крсте Мисирков" -Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 20.10.2009 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4840/11**
**од 27.10.2009 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член124 став 2 и 3 од Законот за основно образование ("Службен Весник на РМ", .бр.103/08), член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на РМ", бр.5/2002) и член 157 став 1 од Деловникот за работа на Советот на Општина гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба", бр.4 од 2006 година), Советот на Општина Гази баба на Седмата седница одржана на ден 20.10.2009 година, донесе

## ОДЛУКА
## за именување претставници на Општина Гази Баба во Училишниот одбор на Основното училиште "Његош" - Скопје

1. За претставници на Општина Гази Баба во Училишниот одбор на Основното училиште "Његош" се именуваат:

- Горан Цветковски
- Александар Ковиловски

2. Мандатот на претставниците во Училишниот одбор трае 3 (три) години.

3. Со влегувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Решението за именување претставници во Училишниот одбор на Основното училиште "Његош" број 07-1435/14 од 30.09.2005 година.

**Број 07-4577/15**
**Од 20.10.2009 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба", бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за именување претставници на Општина Гази Баба во Училишниот одбор на Основното училиште "Његош" - Скопје**

1. Се објавува Одлуката за именување претставници на Општина Гази Баба во Училишниот одбор на Основното училиште "Његош" -Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 20.10.2009 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4840/12**
**од 27.10.2009 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член124 став 2 и 3 од Законот за основно образование ("Службен Весник на РМ", .бр.103/08), член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на РМ", бр.5/2002) и член 157 став 1 од Деловникот за работа на Советот на Општина гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба", бр.4 од 2006 година), Советот на Општина Гази баба на Седмата седница одржана на ден 20.10.2009 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за именување претставници на Општина Гази Баба во Училишниот одбор на Основното училиште "Вера Јоциќ" - Скопје**

1. За претставници на Општина Гази Баба во Училишниот одбор на Основното училиште "Вера Јоциќ" се именуваат:

- Настев Виктор
- Оливера Димитрова

2. Мандатот на претставниците во Училишниот одбор трае 3 (три) години.

